# Број 4
# 02.05.2024 година

# Службен гласник на општина Делчево

Уредува

Излегува по потреба

Одделение за правни и општи работи

МА Ј 2024

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден 02.05.2024 година, донесе

РЕШЕНИЕ
**За објавување на акти од 34.седница**
**на Советот на Општина Делчево**

I

Да се објават во „Сл.гласник на општина Делчево“, актите донесени на 34 .седница која се одржа на 29.04.2024 година и тоа:

1.**Одлука** за верификација на мандат на член на Советот на Општина Делчево;

2.**Одлука** за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на **Веселинка Стоименовска**;

3.**Одлука** за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на **Митко Димитровски;**

4.Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект станбена куќа зграда бр.2 по барање на **Митко Димитровски;**

**5.Одлука** за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на **Ванчо Златков;**

**6. Заклучок** за усвојување на Завршна сметка на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево за 2023 година;

7. **Заклучок** за усвојување на Извештај за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Делчево;

8.**Одлука** за давање согласност на Програмата за работа на ЈКП „Брегалница“-Делчево;

9. **Заклучок** за усвојување на Годишен извештај за работењето на ЈКП „Брегалница„ Делчево за 2023 година ;

10. **Одлука** за давање согласност на Статутарната одлука за измени и дополнувања на Статутот на ЈКП „Брегалница“-Делчево;

11. **Заклучок** за усвојување на Годишна сметка на ЈКП „Брегалница“ за 2023 година;

12.**Заклучок** за усвојување на Годишен извештај за реализација на Програмата за развој на Источен-плански регион 2021-2026 за 2023 година;

13. **Заклучок** за усвојување на Годишен извештај за работењето на Центарот за развој на Источен плански регион за 2023 година со Годишен финансиски извештај за работењето;

14. **Одлука** за корекција на Буџетски календар за 2024 година;

15. **Одлука** за резервирани средства за надомест за одземен имот во Буџетот на општина Делчево за 2024 година;

16.**Решение** за разрешување и избор на член на Комисијата за јавни дејности;

17. **Решение** за разрешување и избор на член на Комисијата за урбанизам;

18. **Решение** за разрешување и избор на член на Комисијата за статут и прописи

19. **Решение** за разрешување и избор на член на Комисијата за еднакви можности;

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 08- 736 /1
02.05. 2024 год.
Делчево

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Градоначалник,
Горан Трајковски,с.р.

**1.** Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („ Сл. Весник на РМ“ бр. 5/2002) и Уверението на Општинската изборна комисија Делчево бр. 33/1 од 20.03.2024, а согласно 155 и член 155-а од Изборниот законик Пречистен текст („Службен весник на Република Македонија“, број 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17,125/17,35/18, 99/18,140/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“, број 98/19, 42/20, 74/21 и 215/21 ),Советот на Општина Делчево на својата 34. редовна седница, одржана на ден 29.04. 2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за верификација на мандат**
**на член на Советот на Општина Делчево**

Член 1

Се верифицира мандатот на членот на Советот на Општина Делчево **Маја Алексова** од Делчево, кандидат од листата на СДСМ и Коалиција „Најдоброто за мојата општина “.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 09- 712/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.04.2024 година** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Гоце Попов,с.р.**

**2.** Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ број 5/02) и член 2 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (“Сл.весник на РМ“ број 56/11,162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Сл.В. 23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15 ,31/16 и 190/17 ) Советот на Општина Делчево, на својата 34. редовна седница, одржана на ден 29.04.2024 година донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат**
**Објект станбена кућаа згр.бр. 1 –по барање на Веселинка Стоименовска**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-**2177** од **02.09.2011** година, од страна на **Веселинка Стоименовска од с. Габрово - Делчево** за бесправно изграден објект, **Објект станбена куќа –** означен во елаборат како зг реден бр. **1** изграден на **КП бр. 10422 КО Габрово** запишана во имотен лист бр. **67** и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат .

Член 2

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе

урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Делчево“.

Број 09-713/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
19.04.2024 година Претседател,
Делчево Гоце Попов,с.р.

3.

Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ број 5/02) и член 2 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (“Сл.весник на РМ“ број 56/11,162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Сл.В. 23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15 ,31/16 и 190/17 ) Советот на Општина Делчево, на својата 34. редовна седница, одржана на ден 29.04.2024 година, донесе

ОДЛУКА
за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат
Објект станбена куќа згр.бр. 1 –по барање на Митко Димитровски

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-**1768** од **31.08.2011** година, од страна на **Митко Димитровски од с. Габрово-Делчево** за бесправно изграден објект, **Објект станбена куќа–** означен во елаборат како зг. реден бр. **1** изграден на **КП бр. 10460 КО Габрово** запишана во имотен лист бр. **733** и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат .

Член 2

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Делчево“.

Број 09-714/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
29.04.2024 година Претседател,
Делчево Гоце Попов,с.р.

**4.** Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ број 5/02) и член 2 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (“Сл.весник на РМ“ број 56/11,162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Сл.В. 23/11, 54/11,

155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15 ,31/16 и 190/17 ) Советот на Општина Делчево , на својата 24.редовна седница, одржана на ден 29.04.2024 година донесе

**ОДЛУКА**

**за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат**

**Објект помошен објект згр.бр. 2 –по барање на Митко Димитровски**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-**1768** од **31.08.2011** година, од страна на **Митко Димитровски од с. Габрово-Делчево** за бесправно изграден објект, **Објект помошен објект –** означен во елаборат како зг реден бр. **2** изграден на **КП бр. 10460 КО Габрово** запишана во имотен лист бр. **733** и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат .

Член 2

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 09-715/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.04.2024 година** **Претседател,**
**Делчево** **Гоце Попов,с.р.**

5.

Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" број 5/02) и член 2 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Сл.весник на РМ" број 56/11,162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Сл.В. 23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15 ,31/16 и 190/17 ), Советот на Општина Делчево, на својата 34.редовна седница, одржана на ден 29.04.2024 година донесе

**ОДЛУКА**

**за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат**

**Објект станбена куќа згр.бр. 1 –по барање на Ванчо Златков**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-**2325** од **02.09.2011** година, од страна на **Ванчо Златков од с. Габрово- Делчево** за бесправно изграден објект, **Објект станбена куќа–** означен во елаборат како зг реден

бр. 1 изграден на **КП бр. 5471 КО Габрово** запишана во имотен лист бр. 135 и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат .

Член 2

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 09-716/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.04.2024 година** **Претседател,**
**Делчево** **Гоце Попов,с.р.**

6.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Делчево („Сл.весник на РМ" бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево, на својата 34.редовна седница, одржана на ден 29.04. 2024 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За усвојување на Завршната сметка**
**на СОУ „М.М Брицо"Делчево за 2023**

1. Се усвојува Завршната сметка на СОУ „Методи Митевски Брицо" – Делчево за 2023 година и тоа:

- Сметка за наменска дотација 903
- сметката за сопствени приходи 787
- сметка за донации 785-41
- сметка за донации 785-56

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 09- 717/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.04.2024 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Гоце Попов,с.р.**

7. Врз основа на член 25 од Законот за полицијаЗаконот за полиција (Службен весник на Република Македонија" бр.114/06), Законот за дополнување наЗаконот за полиција(,,Службен весник на Република Македонија" бр.6/09), Законот за изменување и дополнување на Законот за полиција (,,Службен весник на Република Македонија" бр.145/12),Законот за изменување и дополнување на Законот за полиција (,,Службен весник на Република Македонија" бр.41/14), Законот за изменување и дополнување на Законот за полиција (,,Службен весник на Република Македонија" бр.33/15)и Одлуката на Уставниот, суд на Република Македонија (,,Службен весник на Република Македонија"

број 148/08), како и член  36 став 1 т.13 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 34.редовна седница, одржана на 29.04.2024 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Извештајот за јавната безбедност**
**и безбедноста на сообраќајот на патиштата**
**на подрачјето на општина Делчево**

1. Се усвојува Извештајот за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Делчево, поднесен од страна на командирот на Полициската станица од општа надлежност-Делчево бр.23.28.11.1-2415 од 01.04.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. Гласник на општина Делчево“.

3. Заклучокот со Извештајот да се достави до:

- Министерот за внатрешни работи на РСМ;
- Народниот правобранител на РСМ.

**Број 09- 718/1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.04.2024 год.** — **Претседател,**
**Делчево** — **Гоце Попов,с.р.**

**8.** Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), а согласно член 11 став 1 точка 6 и 8 од Законот за јавни претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 25/15) и член 22 став 1 точка 32 од Статутот на општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013), Советот на Општина Делчево, на својата 34.седница на Советот, одржана на ден 29.04.2024 година, донесе

**ОДЛУКА**

**за давање на согласност на Програмата за работа**

**на ЈКП„Брегалница“-Делчево за 2024 година**

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност на Програмата за работа на ЈКП „Брегалница“-Делчево за 2024 година, бр.0102-444/1 од 29.12.2023 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 09- 719/1
29.04. 2024 год.
Д е л ч е в о

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Гоце Попов,с.р.

9.

Врз основа на член 5 став 3 од Законот за јавни претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 9/97, 6/202, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016 и 64/2018) и член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 34.редовна седница, одржана на ден 29.04. 2024 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Извештајот за**
**работата на ЈКП „Брегалница“-Делчево за 2023**

1. Се усвојува Извештајот за работата на ЈКП „Брегалница“-Делчево за 2023 година, бр. 0102-119/1 од 07.03.2023 година, усвоен од страна на Управниот одбор на ЈКП „Брегалница“-Делчево, со Одлука број 0202-125/2 од 12.03.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 09- 720 /1
29.04.2024 година
Д е л ч е в о

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Гоце Попов,с.р.

10.

Врз основа на член 11 став 1 точка 2 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19,89/22 и 274/22), и член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ 34 2/2002), Советот на Општина Делчево на својата 34.седница, одржана на ден 29.04. 2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност на Статутарната одлука за имени и дополнување на Статутот на ЈКП „Брегалница“-Делчево**

Член 1

Советот на Општина Делчево дава согласност на Статутарната одлука бр.0101-

155/1 од 05.04.2024 година за измени и дополнување на Статутот на ЈКП „Брегалница“-Делчево, донесена од страна на Управниот одбор на ЈКП „Брегалница“ Делчево.

Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Бр.09-721/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.04.2024** **Претседател,**
**Делчево** **Гоце Попов,с.р.**

**11.**Врз основа на член 36 став 9 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“бр.15/2013, 2/2019 и 1/21), Советот на Општина Делчево на својата 34.редовна седница, одржана на ден 29.04. 2024 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишната сметка**
**На ЈКП „Брегалница“ – Делчево за 2023 година**

1.Се усвојува Годишната сметка на ЈКП „Брегалница“ –Делчево за 2023 година.

2.Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Број 09- 722 /1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.04. 2024 год.** **Претседател,**
**Делчево** **Гоце Попов,с.р.**

12.Врз основа на член 65 од Законот за рамномерен регионален развој („Сл. Весник на РМ“ бр.24 и 174/2021) и член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 34.редовна седница, одржана на ден 29.04.2024, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишниот Извештај за реализација на Програмата за развој на Источен плански регион 2021-2026 за 2023 година**

1. Се усвојува Годишниот Извештај за реализација на Програмата за развој на Источно-планскиот регион 2021-2026 за 2023;

2. Заклучокот да се достави до Центарот за равој на Источно-планскиот регион со седиште во Штип.

3. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на Општина Делчево“.

**Број 09- 723/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.04. 2024 год.** **Претседател,**
**Делчево** **Гоце Попов,с.р.**

**13.**Врз основа на член 65 од Законот за рамномерен регионален развој („Сл. Весник на РМ“ бр.24 и 174/2021) и член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 34.редовна седница, одржана на ден 29.04.2024, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишниот Извештај за работењето**
**на Центарот за развој на Источен плански регион за 2023 година**
**со Годишен финансиски извештај за работењето за 2023**

1. Се усвојува Годишниот Извештај за работењето на Центарот за развој на Источно-планскиот регион за 2023 година со Годишниот финансиски извештај за 2023 година кој е составен дел на истиот;

2. Заклучокот да се достави до Центарот за равој на Источно-планскиот регион со седиште во Штип.

3. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на Општина Делчево“.

Број 09- 724/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
29 .04. 2024 год. Претседател,
Делчево Гоце Попов,с.р.

**14.**Согласно член 27 став 4 и 5 од Законот за финансирање на ЕЛС, (“Службен весник на Република Македонија” бр.61/04, бр.96/04, бр.67/07, бр.156/09, бр.47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Р.С.Македонија“ 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Делчево, Советот на Општина Делчево на триесет и четвртата седница одржана на ден 29.04.2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За корекција на**
**Буџетски календар за 2024 година**

Со буџетскиот календар за 2024 година се определуваат роковите, активностите и одговорноста во донесувањето на Буџетот на Општина Делчево за 2024 година како што следува:

| Датум | Буџетски активности | Одговорност |
|---|---|---|
| Месец септември | Министерот за финансии доставува буџетски циркулар со насоки за изготвување на Предлог-буџетот за наредната година до општината | Министер за финансии |
| Месец октомври | Градоначалникот подготвува и доставува општински буџетски циркулар | Градоначалник |

| | | |
|---|---|---|
| **Месец октомври** | Градоначалникот до општинските буџетски корисници ги доставува главните насоки за изготвување на финансиските планови. | Градоначалник/Сектор за финансиски прашања |
| **Октомври/ноември** | Одговорните одделенија за подготовка на Годишните програми ги доставуваат предлог-пресметките за наредната година со образложение за висината на износите по позиции | Сектор за финансиски прашања/Општинска администрација |
| **Октомври/ноември** | Општинските буџетски корисници ги доставуваат своите финансиски планови до градоначалникот | Градоначалник |
| **Октомври/ноември** | -Организирање на буџетски форуми со граѓаните и посебните засегнати страни.<br>- Разгледување на нови барања и предлози по кои одлучува и дава насоки Градоначалникот | Градоначалник/Општинска администрација |
| **Месец ноември** | Градоначалникот го разгледува и одобрува Предлог-буџетот за наредната година подготвен од страна на финансискиот оддел на општината. | Градоначалник |
| **Месец декември** | До Советот се доставува Предлог-буџетот од страна на Градоначалникот со соодветно образложение | Градоначалник |
| **Крај на месец декември** | -Донесување на Буџетот за наредната буџетска година;<br>-Донесување на Одлука за извршување на буџетот на општината;<br>-Донесување на Одлука за вредноста на бодот за пресметување на платата на државните службеници;<br>-Донесување на Буџетски календар за наредната година;<br>-Доколку Советот не го усвои Предлог-буџетот се донесува Одлука за времено финансирање согласно чл.28.ст.2 од Законот за финансирање на ЕЛС. | Совет на општина |

Бр. 09-725/1
29.04.2024 година
Делчево

Претседател на Советот на Општина Делчево
Гоце Попов,с.р.

15.
Врз основа на член 26 став 6 од Законот за експропријација („Службен весник на РМ“ ) бр.131/12, бр.24/13, бр.27/14, 104/15, бр.192/15, бр.23/16, бр.178/16, Советот на Општина Делчево, на 34. седница, одржана на 29.04.2024 година, донесе

ОДЛУКА
за резервирани средства за надомест за одземен имот во Буџетот на Општина Делчево за 2024 година

Член 1

Советот на општина Делчево донесува Одлука за резервирани средства за надомест за одземен имот во Буџетот на Општина Делчево за 2024 година во износ од 3.000.000 денари.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Делчево“.

Бр.09- 726/1
29.04.2024
Делчево

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Гоце Попов,с.р.

**16.**Врз основа на член 28 став 2 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ”бр.5/2002) и член 30 став 1 алинеја 6 од Статутот на Општина Делчево (“Службен гласник на Општина Делчево” бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево, на својата 34. седница, одржана на ден 29.04.2024 година, донесе

РЕШЕНИЕ
за разрешување и избор на член на Комисијата за јавни дејности

I. Се разрешува Јасмина Ќурчиска член на Комисијата за јавни дејности заради престанок на мандат на член на Советот на Општина Делчево.

II. Се избира Илче Каранфиловски за член на Комисијата за јавни дејности.
III. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Делчево”.

Број 09- 727 /1
29.04. 2024 год.
Д е л ч е в о

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Гоце Попов,с.р.

17.Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/2002) и член 30 став 1 алинеја 4 од Статутот на Општина Делчево ("Службен гласник на Општина Делчево" бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево, на својата 34 седница, одржана на ден 29.04.2024 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за разрешување и избор на член**
**на Комисијата за урбанизам,планирање уредување на просторот и**
**заштита на животната средина и природата**

I.Се разрешува **Јасмина Ќурчиска** од член на Комисијата за **у**рбанизам,планирање уредување на просторот и заштита на животната средина и природата.

II. Се избира **Илче Каранфиловски** за член на Комисијата за **у**рбанизам,планирање уредување на просторот и заштита на животната средина и природата.

III. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 09- 728 /** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.04. 2024 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Гоце Попов,с.р.**

**18.** Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) и член 30 став 1 алинеја 1 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево, на својата 34. редовна седница, одржана на ден 29.04. 2024 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за разрешување и избор на на член**
**на Комисијата за статут и прописи**

I. Се разрешува Зекир Абдулов од член и претседател на Комисијата за Статут и прописи.

II. Се избира Маја Алексова за член и претседател на Комисијата за Статут и прописи.

III. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

**Број 09- 729 /1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.04. 2024 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Гоце Попов,с.р.**

19. Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) и член 30 став 1 алинеја 7 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево бр.15/2013, 2/2019 I 1/2021), Советот на Општина Делчево, на својата 34. седница, одржана на ден 29.04.2024 година, донесе

РЕШЕНИЕ
за разрешување и избор на член
на Комисијата за еднакви можности помеѓу мажите и жените

I.Се разрешува **Јасмина Ќурчиска** член на Комисијата за еднакви можности помеѓу маѓите и жените.

II.Се избира **Илче Каранфиловски** за член на Комисијата за еднакви можности.
III.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

Број 09- 730 /1
29.04. 2024 год.
Д е л ч е в о

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Гоце Попов,с.р.